100-годишнина од раѓањето
на Блаже Конески,
поет и филолог (1921-1993)
Чествувана во соработка со УНЕСКО

Организација на
Обединетите нации
за образование,
наука и култура

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ — СКОПЈЕ



# 35 ГОДИНИ
# ИЗУЧУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА
## на Факултетот за литература
## на Истанбулскиот универзитет

---

# İSTANBUL ÜNIVERSITESI EDEBIYAT FAKÜLTESI MAKEDON DILI VE EDEBIYATI’NIN KURULUŞUNUN 35. YILI

Скопје – Истанбул,
11 јуни 2021 година
10 часот (на далечина / на платформата Зум)

Üsküp - İstanbul
11 Haziran 2021
Zoom platformu üzerinden çevrimiçi (online) olarak 11 Haziran 2021 saat 11:00-12:30 saatleri







Оваа 2020/21 академска година, кога се одбележува големиот јубилеј **100 години од раѓањето на великанот Блаже Конески**, се навршуваат и **35 години од отпочнувањето со работа на лекторатот по македонски јазик – 35 години изучување на македонскиот јазик, литература и култура на Истанбулскиот универзитет**.

По тој повод, Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (МСМЈЛК) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ) организира

**СВЕЧЕН НАСТАН на далечина**
**на 11 јуни 2021 година, во 10 часот**
**на платформата Зум**

Свечени обраќања:
**проф. д-р Никола Јанкуловски**, ректор на УКИМ
**проф. д-р д-р Махмут Ак** (Prof. Dr Mahmut Ak), ректор на Истанбулскиот универзитет
**д-р Актан Аго** (Dr. Aktan Ago), генерален конзул на Република Северна Македонија во Република Турција

Пригодни обраќања:
**проф. д-р Хајати Девели** (Prof. Dr. Hayati Develi), декан на Факултетот за литература на Истанбулскиот универзитет
**проф. д-р Анета Дучевска**, декан на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Вториот дел од овој свечен настан ќе го одбележат:
**проф. д-р Весна Мојсова Чепишевска**, директор на МСМЈЛК при УКИМ со излагање на тема „Конески – мостот меѓу двата универзитета, меѓу Скопје и Истанбул, меѓу двете земји и двата народа“ и
**проф. д-р Емине Инанир** (prof. dr. Emine İnanır), раководител на Катедрата за словенски јазици и литература, во чии рамки е Катедрата за македонски јазик и книжевност со излагање на тема „35 години изучување на македонскиот јазик во Истанбул во светлина на 100 години од раѓањето на Блаже Конески“

Со свои излагања за работата на лекторатот по македонски јазик во Истанбул, овој настан ќе го збогатат:
**проф. д-р Ѓонул Узелли** (prof. dr. Gönül Üzelli), раководител на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Факултетот за литература при Истанбулскиот универзитет на тема „35 години македонистика во Истанбул“
**проф. д-р Гордана Алексова**, некогашен лектор по македонски јазик на Истанбулскиот универзитет на тема „За лекторатот по македонски јазик во Истанбул од 1995 до 1999“ и
**м-р Марина Цветаноска**, сегашен лектор по македонски јазик на тема „Македонистиката и работата на лекторатот во рамките на Истанбулскиот универзитет во изминатите пет години“

Радува особено што свое учество ќе имаат и **студенти што го изучуваат македонскиот јазик на Истанбулскиот универзитет – Ајтен Атмаџа** (Ayten Atmaja) која ќе настапи со песната „Убавите жени“ и **Сила Екин** (Sila Ekin) со песната „Пеперуга“ од Блаже Конески.

Овој значаен **јубилеј 35 години македонистика на Истанбулскиот универзитет вдомен во големиот јубилеј – 100 години од раѓањето на Блаже Конески** покажува дека мостот помеѓу двата универзитета – „Св. Кирил и Методиј“ и Истанбулскиот универзитет, меѓу Скопје и Истанбул, меѓу двете земји и двата народа, одлично функционира и до ден денес, но и дека обврзува и понатаму да се создаваат нови и нови генерации проучувачи на македонскиот, но и на турскиот јазик, литература и култура од/во двете земји.